ГЖ-[redacted]

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите [redacted]ка, претседател на советот, [redacted] и [redacted], членови на советот, во правната работа на тужителот [redacted] од Битола против тужениот [redacted] Извршител од Скопје за Надомест на материјална штета вредност на спорот 24.315,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од [redacted] против пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје МАЛВП-51/17од 21.12.2017 година, на нејавната седница одржана на 19.04.2018 година, ја донесе следната:

# П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот изјавена преку полномошник [redacted]и, адвокат од Битола, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје II Скопје МАЛВП-51/17 од 21.12.2017 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот да и ги надомести на тужената трошоците сторени во постапката по жалба во износ од 7.020,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање за трошоци во постапката по жалба, СЕ ОДБИВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжалената пресуда го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот [redacted] од Битола да се задолжи тужениот извршител [redacted] да му плати на име надомест на штета предизвикана со ненавремена исплата на парични средства во висина на пресметаната камата за период од 29.08.2016 година до 04.11.2016 година во износ од 24.315,00 денари со законска казнена камата сметано од денот на поднесување на тужбата 10.01.2017 година до исплатата, како и да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 64.854,00 денари. Го задолжил тужителот да и ги надомести на тужената трошоците на постапката во износ од 28.226,00 денари во рок од 8 дена по приемот на одлуката под страв на присилно извршување.

Незадоволен од наведената пресуда останал тужителот, па преку полномошник Петар Стојановски, адвокат од Битола, изјавил навремена жалба со која ја побива пресудата поради погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се преиначи на начин што тужбеното барање ќе се усвои а воедно да се задолжи тужената да му ги надомести трошоците сторени во текот на постапката, вклучувајќи ги и оние сторени во постапката по жалба.

Тужената преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје поднела одговор на жалба со кој во целост ги оспорува истакнатите жалбени наводи па предлага жалбата да се одбие како неоснована а првостепената пресуда да се потврди како и да се задолжи тужителот да и ги надомести трошоците сторени по повод поднесениот одговор на жалба.

Апелациониот суд Скопје, откако ги разгледа списите приложени кон предметот, обжалената пресуда и жалбата, најде:

Жалбата е неоснована.

Постапувајќи по службена должност во смисла на чл.354 од ЗПП, овој суд ја испитуваше обжалената пресуда во смисла дали се сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.1 т.1,2,3,5,10,11,13 и 14 од ЗПП, па утврди дека првостепениот суд при донесувањето на првостепената пресуда не сторил ниту една од погоре наведените суштествени повреди на одредбите од парничната постапка. Истата е јасна, разбирлива, со доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при донесување на својата одлука. Изреката на пресудата нема недостатоци и не противречи со причините дадени во образложението за таквото одлучување, па истата може во целост и со сигурност да се испита.

Во изјавената жалба се наведува дека првостепениот суд погрешно постапил кога го одбил тужбеното барање без да ја има во предвид околноста дека во конкретниот случај не можела да се примени одредбата од член 36 од Законот за извршување бидејќи тужителот не вложил приговор по донесување на заклучокот за запирање на извршувањето од страна на извршителот, од што произлегувало дека паричните средства требало да бидат вратени уште истиот ден, а со таквиот начин на постапување извршителот му предизвикал штета на тужителот во висина на каматата која во секој случај ќе ја добиел тужителот доколку паричните средства биле вратени на денот на донесување на заклучокот за запирање на извршувањето Тужената неосновано ги задржала паричните средства уплатени од страна на тужителот како најповолен купувач и тоа од денот кога бил донесен заклучокот за запирање на извршување кога истите требале да се вратат на тужителот а не да чека да ги врати паричните средства по изјавен приговор за неправилности при извршувањето од доверителот.

Ваквиот жалбен навод овој суд го ценеше но истиот не го прифати како основан.

Имено, тужената спроведувала извршување под И.бр. 845/15 по барање на доверителот Трговско друштво за друмски сообраќај и трговија [redacted] Скопје за наплата на парично побарување засновано врз извршна исправа против должникот Друштво за градежништво, трговија и услуги Нова Градба Проект ДОО Скопје. Во оваа постапка било одлучено побарувањето на доверителот да се намири со продажба на недвижен имот сопственост на должникот, заради што тужената спровела постапка за лицитација. На ден 19.08.2016 година била одржана третата продажба на недвижноста со усно јавно наддавање и на оваа продажба како учесник во лицитацијата се јавил и тужителот, па по спроведените извршни дејствија тужената донела заклучок дека тужителот е најповолен понудувач и предметната недвижност му била продадена за износ од 1.106.896,00 денари. Тој ден тужителот положил гаранција со учество во јавното

наддавање во износ од 111.000,00 денари, а по донесување на заклучокот за продажба на недвижноста бил задолжен да доплати уште износ од 995.896,00 денари. На ден 22.08.2016 година тужителот го доплатил и овој износ така што тужената донела заклучок за продажба на недвижноста И.бр. 845/15 од 23.08.2016 година.

По донесување на заклучокот тужената била должна во рок од 8 дена да изврши предавање на недвижноста во владение на тужителот заради што закажала предавањето да се изврши на ден 30.08.2016 година за кој ден побарала и асистенција од полиција при спроведување на извршување. Меѓутоа, на ден 26.08.2016 година била известена дека недвижниот имот - објектот кој му бил продаден на тужителот на лице место повеќе не постои односно истиот е срушен при што веднаш отишла на лице место и констатирала дека објектот е срушен по што сочинила службена белешка. На ден 29.08.2016 година поднела кривична пријава против непознат сторител до ОЈО на РМ.

Со оглед на тоа што објектот што бил предмет на продажба повеќе не постоел на лице место и како таков не можел да му се предаде во владение на тужителот, тужената донела заклучок И.бр. 845/15 од 29.08.2016 година со кој го запрела извршувањето што го започнала по барање на доверителот, а Заклучокот за продажба на недвижноста на тужителот утврдила дека не произведува правно дејство. Меѓутоа , без оглед на фактот што со овој заклучок таа утврдила дека не произведува правно дејство извршената подажба, не можела истиот ден да изврши враќање на парите на тужителот што тој ги има уплатено како купопродажна цена, бидејќи доверителот во постапката за извршување поднел приговор протов овој заклучок, повикувајќи се на тоа дека тужената сторила неправилности во спроведување на извршувањето. Претседателот на Основен суд Скопје II Скопје на ден 22.09.2016 година го одбил приговорот на доверителот, но против тоа решение доверителот поднел жалба до Апелациониот суд Скопје, кој донел решение ТСЖ.бр.2008/16 од 20.10.2016 година со кое жалбата на доверителот била одбиена како неоснована со што конечно се решило прашањето дека тужената како извршител не сторила неправилности во постапувањето кога го запрела извршувањето.

Наведеното решение тужената го примила на ден 04.11.2016 година и веднаш истиот ден купопродажната цена во висина од 1.106.896,00 денари му ја вратила на тужителот. Овој износ на пари стоел на посебна сметка кај тужената и тоа во периодот од 29.08.2016 година, кога таа донела решение за поништување на продажбата до 04.11.2016 година кога парите ги вратила и на овој износ вкупно пресметаната камата изнесува 24.315,00 денари, но тужената нема обврска да му го врати овој износ бидејќи веднаш кога се создале услови за враќање на парите и откако било конечно утврдено дека правилно го спровеле извршувањето на ден 04.11.2016 година без ниту еден ден задоцнување парите му ги вратила на тужителот.

Со оглед на околноста дека во превземените дејствија на тужената не е утврдено дека постои вина за причинета штета, ниту со намера ниту пак со невнимание, првостепениот суд согласно одредбите од чл. 40 и чл. 44 од Законот за измени и дополнувања на ЗОО, правилно утврдил дека тужбеното барање таа да му ја надомести штетата на тужителот е неосновано. Во конкретниот случај несомнено е дека тужителот со тоа што уплатил пари на име купопродажна цена кои не можел да ги употреби за други намени во периодот додека не биле вратени претрпел штета во вид на камата на тие средства, но ваквата штета евентуално би требала да му биде надоместена од лицето кое што го срушило објектот што било предмет на продажбата, бидејќи на страна на тоа лице постои вина за тоа што дошло до поништување на продажбата, но на страна на тужената и во нејзиното постапување како извршител не постои никаква одговорност.

Со оглед на претходно изнесеното следуваше овој суд жалбата да ја одбие како неоснована, а првостепената пресуда да се потврди согласно чл.357 од ЗПП.

Бидејки жалбата е одбиена како неоснована, а тужениот преку полномошник Теодора Цветаноска адвокат од Скопје, поднел одговор на жалба во кој бара трошоци за одговор на жалба, овој суд во смисла на одредбите од чл.160 ст.1 , в.в. со чл.158 ст.1 од ЗПП, го задолжи тужителот да и ги надомести на тужената трошоците сторени во постапката по жалба во износ од 7.020,00 денари, а кои се однесуваат за состав на одговор на жалба во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Барањето за трошоци за такса за одговор на жалба, овој суд не го прифати, бидејки видно од списите во предметот, нема доказ дека истата е платена.

Со оглед на тоа дека жалбата на тужителот е одбиена како неоснована, овој суд согласно чл.160 ст.1 од ЗПП, не ја задолжи тужената да му ги надомести трошоците сторени во постапката по жалба и тоа за состав на жалба.

Апелационен суд Скопје ГЖ-1095/18 од 19.04.2018 година.

Претседател на совет-судија
[redacted]